Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 50-5793/13<br>2 септември 2025 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Северна Македонија,<br>проф. д-р **Христијан Мицкоски**, с.р. |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

**3929.**

Врз основа на член 255 став (3) од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25), министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА КОЛИЧИНИТЕ И ПОТРЕБНИОТ КАПАЦИТЕТ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА ИЛИ ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите за евидентирање на количините и потребниот капацитет на објектите за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива или горива за транспорт.

Член 2

(1) Објект за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива или горива за транспорт (во натамошниот текст: објект за складирање) треба да има вкупен резервоарски капацитет со минимална зафатнина од:

1) 100 m3 за биогориво;
2) 100 m3 за горива тип 1 (ГМ-1) за млазни мотори;
3) 200 m3 за течен нафтен гас (ТНГ) и
4) 500 m3 по дериват за останатите деривати и горива за транспорт.

(2) Објектот за складирање се оградува и се обезбедува со влез и излез кој не е поврзан со бензинска станица.

(3) Во случај на постоење на повеќе објекти за складирање на различни локации на еден трговец, вкупниот резервоарски капацитет на сите објекти за складирање треба да ја задоволува минималната зафатнина од ставот (1) на овој член.

(4) Објектот за складирање треба да ги исполнува и условите од техничките прописи за складирањето и преточувањето на горивото утврдени со закон или друг пропис.

Член 3

Евидентирањето на количината на суровата нафта, нафтените деривати, биогоривата или горивата за транспорт опфаќа мерење, пресметување и утврдување на количините.

Член 4

(1) Мерењето на количините на суровата нафта, нафтените деривати, биогоривата или горивата за транспорт во резервоарите се врши кога тие се во мирна состојба, односно најмалку два часа пред и после секое полнење односно празнење на резервоарот.

(2) Мерењето од ставот (1) на овој член се врши со примена на стандардите МКС ISO 4269, МКС ISO 7507-1, МКС ISO 7507-2, МКС ISO 7507-3, МКС ISO 7507-4, МКС ISO 7507-5, МКС ISO 12917-1 и МКС ISO 12917-2.

(3) Мерењето од ставот (1) на овој член се врши со мерила кои ги исполнуваат прописите од областа на метрологијата.

(4) Мерењето од ставот (1) на овој член се користи за одредување на зафатнината на резервоарите, во кои се складира суровата нафта, нафтените деривати, биогоривата или горивата за транспорт, односно за изготвување на таблици за зафатнина на резервоарите.

(5) Мерењето на издадените количини на суровата нафта, нафтените деривати, биогоривата или горивата за транспорт се врши со мерила за проток на течности различни од вода, освен на мазут и течен нафтен гас, чие мерење се врши со неавтоматски (колски) ваги согласно прописите од областа на метрологијата.

Член 5

Пресметката на количината на суровата нафта, нафтените деривати, биогоривата или горивата за транспорт се врши преку таблици за зафатнина на резервоарите, кои ги издава Бирото за метрологија.

Член 6

(1) Количините на суровата нафта, нафтените деривати, биогоривата или горивата за транспорт се изразуваат во литри, освен за мазут и течен нафтен гас кои се изразуваат во килограми.

(2) Количините од ставот (1) на овој член, освен за мазут и течен нафтен гас, се пресметуваат врз основа на измерениот волумен, корегиран на температура од 15ºC.

Член 7

Утврдените количини на суровата нафта, нафтените деривати, биогоривата или горивата за транспорт од членот 6 од овој правилник се евидентираат согласно прописите за начинот на водење на евиденција во трговијата.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за условите за евидентирање на количините и потребниот капацитет на објектите за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива или горива за транспорт („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 13/21 и 290/22).

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 25-3425/3<br>15 септември 2025 година<br>Скопје | Министер за енергетика,<br>рударство и минерални<br>суровини,<br>м-р **Сања Божиновска**, с.р. |

# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3930.**

Врз основа на член 48-а став 1 точка 2 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21, 74/24 и 16/25), член 65-г став 3 и член 65-д став 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 122/21 и 37/25), член 16 став 1 точка 6 и член 17 став 1 точка 1 од Законот за финансиска стабилност („Службен весник на Република Северна